# МОЈ БУЏЕТ!

Во соработка со
НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




Не секогаш добивањето пари е награда, може да биде и од друг вид извори на средства, на пример: плата и пензија, школска стипендија, добивка на игри на среќа, наследство од фамилијата и друго. Сите видови примања или добиени пари се нарекуваат **приходи**. А кога трошиме пари, на пример: плаќаме социјално осигурување, отплаќаме рата за кредит, купуваме нешто што не сме го планирале – непредвидливи трошоци, дневно трошиме пари за храна – дневни трошоци, плаќаме сметки и друго. Сите видови трошоци се нарекуваат **расходи**.



Приходите и расходите на едно семејство го означуваат семејниот **буџет**.

**Буџет** претставува финансиски план не само на едно семејство, туку и на држава, институциите, правните лица, претпријатијата, преку кој ги планираат приходите и расходите за финансирање на одредени потреби во одреден временски период, а најчесто за време од една година.

**Парите можеме да ги штедиме, да ги трошиме, да ги инвестираме или да ги подаруваме. Меѓутоа за да имаме пари во секое време за најразлични потреби, треба да го анализираме нашиот буџет и да видиме колку можеме да трошиме од парите што ги примаме, колку можеме да подаруваме или донираме, а колку да инвестираме. Еве една едноставна табела за пресметка на твојот буџет.**



**Направете пресметка за една недела. Запишувајте колку пари добивате, колку од нив можете да зачувате, колку да потрошите и за што да ги потрошите. Исечете ја табелата и залепете ја на вашето биро дома и пополнувајте ја.**

**На крајот од неделата ќе знаете колку пари сте заштеделе ако ви останат или колку ќе треба да заштедувате во иднина ако не ви останат воопшто пари.**

**Пресметката е следнава:**

**Приходи - Расходи = Салдо од приходи и расходи.**

| Ден | 1. Приходи - од што, од кого? | 2. Приходи - колку? | 3. Расходи - за што? | 4. Расходи - колку? | 5. Салдо од приходи и расходи |
|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | | | | | |
| Вторник | | | | | |
| Среда | | | | | |
| Четврток | | | | | |
| Петок | | | | | |
| Сабота | | | | | |
| Недела | | | | | |
| | Вкупно приходи | | Вкупно расходи | | = |